## Информација за фестивалот ЕКО 2009

Десеттиот меѓународниот фестивал ЕКО на филмови од областа на заштита на животната средина и културното наследство што го организираат Македонската телевизија, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за култура се одржа од 21 до 23 јуни во Охрид. Во центарот за култура “Глигор Прличев” беа филмските проекции. На фестивалот во официјална конкуренција беа прикажани 25 филма од 12 земји.

Жирито беше во состав: Александар Михајлов, директор на Балканскиот фистивал за деца и млади - АРТ Амфора - Бугарија, Илинденка Петрушева, филмски критичарод Македонија, Мишо Нетков новинар во МТВ и Сталин Лозановски новинар и прв извршен директор на ЕКО фестивалот и ги донесе следните одлуки:

1. Гран при за најдобар филм прикажан на фестивалот ја доби филмот: “Вода и оган”, во продукција на Осмоза Продукција од Република Македонија
   - Наградата за сценарио ја доби Невенка Кљаиќ за филмот ”Тивко исчезнување”- РТВ Војводина - Србија;
   - Наградата за режија ја доби Јафар Ноурмохамеди за филмот ”Ловец”- ТВ Ириб - Иран;
   - Наградата за камера ја доби Јон Кристидулу за филмот ”Апусани во иднината” - ТВ Романија од Романија;
   - Наградата за монтажа ја доби Јозеф Сафрани за филмот ”Победа на дабарите”- ТВ Унгарија - Унгарија.

Жирито додели и дипломи за следните филмови:

1. ”Молитва под Мицор планина” во продукција на ТВ Србија, Србија за негување на етнографското културно наследство
2. ”Џемо, коза и бруцелоза” - продуцент Нисвет Хустиќ - Босна и Херцеговина за несекојдневен пристап во алармирање на појава на заразните болести во 21 век
3. ”Страста на сеќавањето: Арслан Тепе - Турција” - РАИ и Дуна филм од Италија за студиозен пристап во бележење на историските артефакти
4. ”Јазикот на грбавите китови” - НДР Натур Филм - Германија за филмско бележење на заштитата на ретките животински видови
5. ”Природното наследство на Босна и Херцеговина” - ФТВ БиХ - Босна и Херцеговина за квалитетна популаризација на природните убавини.

Извршен директор на Фестивалот
Раде Спасовски